**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

# *К О Н Ц Е П Ц И Ј А*

## НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЗАНИМАЊА

**Скопје, октомври 2010 година**

**СТРУЧЕН ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА НА КОНЦЕПЦИЈАТА:**

**Автор:** Проф. Д-р Ласте СПАСОВСКИ, Центар за стручно образование и обука

**РАБОТНА ГРУПА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАСТАПЕНОСТА НА ОПШТОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО НАСТАВНИОТ ПЛАН:**

**Љупчо СПАСОВСКИ,** раководител, Министерство за образование и наука
**Елена ИВАНОВСКА,** заменик раководител, Министерство за образование и наука
**Назихтере СУЛЕМАНИ,** Министерство за образование и наука
**Георге НИКОЛОВ,** Министерство за образование и наука
**Митко ЧЕШЛАРОВ,** Биро за развој на образованието
**Бети ЛАМЕВА,** Државен испитен центар
**Бранко АЛЕКСОВСКИ,** Центар за стручно образование и обука
**Ласте СПАСОВСКИ,** Центар за стручно образование и обука

**РЕДАКЦИСКА ГРУПА:**

**Проф. Д-р Ласте СПАСОВСКИ**
**Бранко АЛЕКСОВСКИ**

**Одобрена со Решение на министерот за образование и наука број 11-3109/3 од 01.10.2010 година**

# 1. В О В Е Д

Во изминатите дваесетина години во нашата Република се одвиваа крупни промени во општествено-економскиот и стопанскиот систем кои ја налагаат потребата за помали или поголеми промени во сите сфери на работата и животот. Во оваа насока, тргнувајќи од улогата и значењето на образованието за економскиот, социјалниот и културниот развој, се утврдени објективни потреби и за преиспитување на организацијата и содржината на средното образование, а особено на стручното образование за занимања кое што не ја остварува на задоволителен начин својата значајна општествена функција. Покрај тоа, неопходните промени се условени и од новиот Закон за стручно образование и обука донесен во 2006-тата година.

Концепцијата на стручното образование за занимања претставува, првенствено општа рамка и појдовна основа за модернизација на ова ниво на образование, односно на системските промени и промените во наставните планови и програми. Документот ги почитува основните начела и ставови на кои се потпираше реформата на стручното образование во траење од четири години.

Проектираните решенија во овој документ се потпираат врз теориските сознанија и практичните искуства за развојот на стручното образование за занимања во Република Македонија и тенденциите на развојот на стручното образование во Европа. Притоа, водено е сметка за нашите општествени определби, образовни традиции, реални можности и за поврзаноста со другите нивоа на стручното образование. Во подготовката на Концепцијата, особено се користени:

- Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година[1];
- документите изработени за потребите на ФАРЕ програмата за интегрирана реформа на стручното образование во Репбулика Македонија[2];
- документите изработени за потребите на ГТЗ проектот за реформа на занимањата во техничките струки[3];
- документите поврзани со децентрализацијата на образованието[4];
- копенхагенската декларација[5];
- документи на Европската комисија[6] и др.

Концепцијата не претставува документ што може непосредно да се реализира, туку со неа се дефинираат глобалните односи во стручното образование за занимања како основа за натамошна разработка и операционализација на опфатената содржина во посебни документи, како што се особено:

- струки или група струки и образовни профили во стручното образование за занимања (иновирани и нови);
- методологија за изработка на стандарди на занимања;
- стандарди на занимања;
- образовни профили;
- наставни програми;

---

[1] Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005-2015, Министерство за образование и наука, Скопје, 2006

[2] ФАРЕ програма за реформа на средното стручно образование и обука, Европска фондација за обука, Скопје, 1999

[3] Унапредување на стручното образование во техничките занимања во Р. Македонија, ГТЗ, Скопје, 2003

[4] Проект за модернизација на образованието, Светска банка, Скопје, 2005

[5] Копенхагенска декларација, Европска комисија, Копенхаген, 2002

[6] Образованието и обуката во Европа, Европска комисија, Брисел, 2007

- правилник за полагање на завршен испит;
- систем на стручно усовршување и професионален развој на наставните кадри;
- систем на обезбедување квалитет во стручното образование;
- систем на стручни квалификации и др.

## 2. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ НА КОНЦЕПЦИЈАТА

### 2.1. Општествено-економските промени и нивното влијание врз развојот на стручното образование

Периодот во кој што живееме го карактеризираат длабоки промени и радикални општествено-економски трансформации кои го означуваат преминот од индустриска во постиндустриска ера. Овие промени претставуваат голем предизвик за сите сегменти на општеството, а посебно за образовниот систем. Тие влијаат врз развојот на образованието и човечките ресурси што подразбира длабока меѓузависност на нивниот развој и општествено-економскиот развој. Образовниот систем нужно мора да се прилагодува кон современите промени и потреби, но исто така е извесно дека без соодветен развој на образованието и човечките ресурси нема соодветен општествено-економски развој.

Современите општествено-економски настани доведоа до значајни технолошки, структурни, економски, демографски, социјални и политички промени, со длабоки импликации на образовниот систем и развојот на човечките ресурси.

Меѓу најзначајните промени спаѓаат, пред сѐ, технолошките промени, во чија основа лежат развојот и ширењето на новите технологии, особено развојот на биотехнологијата и развојот на информациските и комуникациските технологии, кои интензивно го трансформираат општествено-економскиот живот.

Перманентните општествено-економски промени, брзиот научно-технолошки развој, а особено експанзијата на новите технологии претпоставуваат компетентна работна сила која е во состојба ефикасно да партиципира во општествените процеси и да ја користи расположливата технологија. Развиените општества на тој начин стануваат општества кои учат, општества кои се потпираат на знаење и во кои образованието е инструмент на вкупниот општествен развој. Од тие причини, континуираните промени во образованието, особено во стручното образование, стануваат императив и претпоставка на вкупниот општествено-економски развој.

Промените во вкупното економско окружување што последниве 15-тина години се случуваат во нашата Република, подразбираат иновирање на целите на стручното образование и се рефлектираат врз неговата физиономија и реализација. Во таа смисла, стручното образование во Република Македонија ќе биде насочено кон стекнување стручни знаења и развој на соодветни компетенции (клучни и стручни) за успешна работа, поголема флексибилност во совладувањето на променливите барања на пазарот на трудот, поголема мобилност на работната сила и за доживотно образование.

Основна цел на реформата на стручното образование, а со тоа и на воведувањето на промените и на натамошниот развој на стручното образование за занимања во Република Македонија е неговото позиционирање меѓу факторите на општествено-економскиот, техничко-технолошкиот и индивидуалниот развој.

Прв чекор во тој процес е конципирањето на развојот на стручното образование за занимања и неговото сообразување (усогласување) со општествените и индивидуалните потреби и можности.

## 2.2. Стручното образование и пазарот на трудот

Актуелните тенденции на развој на земјите со пазарно стопанство покажаа дека образованието и создавањето на човечките ресурси се наоѓаат во самиот врв на глобалните национални стратегии и политики на социјалниот, економскиот и технолошкиот развој. Истовремено, политиката на образованието не се третира само како политика на креирање на човечкиот капитал, туку и како дел од вкупната развојна политика на општеството. Она што оваа политика ја прави доста специфична е нејзиниот долгорочен стратешки карактер. Концепциските грешки во образовната политика резултираат со одложени и тешки последици коишто најпрвин се видливи на пазарот на трудот во вид на неусогласеност помеѓу понудата и побарувачката за одделни занимања, за на крај да се манифестираат со општо заостанување во стопанството.

На стручното образование коешто се заснова на отворено и цврсто и интеграциски определено пазарно стопанство - каде што јадро претставуваат стопанските структури на малите и на средните претпријатија, а приватната сопственост е основен облик на сопственост, свртени кон модерни технологии и брзиот развој на секторот за услугите - му одговара развој на флексибилен и конкурентен пазар на трудот. На тоа мора да му претходат и соодветни промени на развој на образованието и усогласување на вкупниот образовен систем на тие потреби. Следејќи ги промените во вкупното економско окружување, потребите на стопанството и токот на развојот на новите технологии, промените на развојот на образованието треба да се прилагодат на новите предизвици коишто носат просперитет, а во исто време бараат и соодветно образовани и оспособени поединци и образована нација во целина.

Додека основното образование се дефинира според општата филозофија на човековиот развој и достигнатиот степен на општествено-економски развој на секое општество (земја), дотогаш средното образование примарно се дизајнира според пошироко сфатената пазарна филозофија. Во таа пазарна филозофија, пазарот на трудот е релевантната пазарна компонента за дизајнирање на стручното образование.

За остварување на промените во ова подрачје ќе биде потребно:

- воспоставување инфраструктура за следење, евидентирање и обработка на промените на пазарот на трудот и нивно трансферирање во едукативни барања;
- фундаментално истражување на стручните компетенции за определени образовни профили;
- неспоредно влијание на корисниците на образовните услуги во процесот на утврдување на стандардите на занимањата и на определени образовни стандарди.

Младата генерација која денес го стекнува своето образование, влегува во свет којшто доживува промени во сите свои сфери - економија, култура, политика, наука, технологија, општествени односи и др. Во таквите промени образованието треба да добие една од клучните улоги - да стане фактор на единство и интеграција внатре во општеството. Тоа е посебно видливо во рамките на процесот на глобализација којшто означува цела низа на феномени коишто имаат

универзален карактер и долготрајни ефекти за вкупното општество. Непосредна последица од овој процес се економските и технолошките промени коишто директно ги условуваат промените во системот на образованието, бидејќи промените во сферата на технологијата и економијата се брзи и големи засновани, пред сé, на знаење. За да одговори на овие барања, стручното образование треба да пружи:

- потребни когнитивни и теоретски знаења кои ќе претставуваат основа за стекнување на стручните компетенции кои стануваат сé повеќе софистицирани со оглед на технолошките промени во процесот на работата;
- стручни компетенции кои се потребни на пазарот на трудот и за континуирано доживотно оспособување и учење;
- образование кое ќе го поддржува самовработувањето и ќе ја јакне продуктивноста;
- образование компатибилно со европските стандарди;
- образовни профили според потребите на пазарот на трудот;
- релевантни програми со јасни програмски цели и дефинирани образовни излези.

### 2.3. Социјалното партнерство и стручното образование

Во системската и организациската трансформација на стручното образование нужни се значајни промени и вклучување на голем број фактори. За решавање на натамошните проблеми, клучна улога треба да одиграат во прв ред, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопанските комори на Македонија, Комората на занаетчиите, работодавачите, Синдикатот и др. Во рамките на децентрализацијата тие треба да ја преземат одговорноста на локално ниво за сопствениот развој во рамките на компаративните предности и ресурси со кои располагаат. Со други зборови, тие стануваат одговорни за развојот на човечките ресурси на својата територија, односно за воведување нови и гасење на стари образовни профили, утврдување на стандарди на занимања, дистрибуција на образовни профили, планирање и програмирање на образованието, финансирање на образованието и сл.

На планот на развојот на општественото партнерство има потреба од поголема организираност за да се постигнат промените, и тоа:

- со правната регулатива да се дефинира и неформалното образование;
- да се развие системот на сертификати и да се усогласи стекнувањето и признавањето на сертификатите во формалното и неформалното образование;
- да се зголемува функцијата на македонските претпријатија во образованието;
- да јакне комуникацијата меѓу менаџментот во претпријатијата и вработените за новонастанатите потреби од образование и потребите за обука и усовршување на кадрите;
- да се развива менаџментот на човечките ресурси во претпријатијата и фирмите и тој да покренува иницијативи како да се подигаат квалификациите на вработените;
- да јакне улогата на синдикатот на ниво на претпријатијата за решавање на прашањата од сферата на образованието;
- да се збогати функцијата на бироата за вработување (тие да ги следат состојбите со невработеноста, но и потребите што се искажуваат на пазарот на вработувањето на кадрите) и сл.

Посебен предизвик за стручното образование за занимања претставува проблемот на прилагодувањето на стручните компетенции на невработените лица и иновирањето на нивните знаења и умеења. Во таа смисла, постојните стручни училишта треба да се отворат и за образование на возрасните за што е потребна посебна обука на наставниците, воспоставување на станарди, воведување на модули и сл.

Во овој поглед, неопходно е системот на стручното образование да се конципира и развива како комбинација на поддршка од надлежните државни институции и децентрализирано управување и менаџмент во образовните установи. Освен тоа, од клучно значење е и јакнењето на соработката меѓу социјалните партнери (коморите, работодавачите, синдикатот и државните органи).

Врз основа на изнесеното, може да се заклучи дека главна улога на социјалните партнери во развојот на стручното образование и обука е:

- идентификација на занимањата кои му се потребни на пазарот на трудот;
- категоризација на потребните кадри според нивоата на стручни квалификации;
- воспоставување стандарди на занимања (во соработка со другите субјекти);
- организирање и спроведување на практичната обука во претпријатијата;
- финансирање на стручното образование и обука;
- учество во изработката на образовни стандарди и сл.

Социјалните партнери треба да сносат полна одговорност и за:

- реализацијата на Концепцијата за стручно образование;
- развојот на функциите и задачите на стручното образование и обука;
- имплементација на стручното образование и обука;
- следењето на квалитетот на стручното образование и обука итн.

## 2.4. Современи тенденции во развојот на стручното образование во Европа

Последните десетина години образованието се наоѓа во фокус на интересот, анализата и проучувањето на многу земји во Европа. Причината за тоа, покрај останатото, лежи во новиот пробив на информациската техника и технологија, промените на пазарот на трудот, трендовите и потребите во сферата на вработувањето, промените во економијата, како и во општествените и политичките прилики. Под влијанието на овие барања, во многу земји се во тек или сега започнуваат различни процеси на промени во овој образовен потсистем.

Со оглед на тоа што стручното образование е најсложениот и најдиверзифицираниот дел од образовниот систем, тешко е да се издвојат карактеристични промени кои се заеднички за сите или за поголемиот број земји. Сепак, постојат некои основни трендови кои наоѓаат своја примена во поголем број земји, земајќи ги притоа предвид специфичностите на секој образовен систем, како што се:

*а) Подобрување на квалитетот и ефективноста* на стручното образование, во согласност со новите барања на општеството и сменетите шеми за настава и учење, преку:

- подобрување на образованието и обуката на наставниците;
- градење на вештини за општество кое учи;

- ширење на општообразовната основа на стручното образование и обука поради полесно совладување на новите технички вештини и менување на соодносот помеѓу општото и стручното образование, односно теоријата и практиката;
- создавање услови за функционирање на флексибилен систем на стручно образование во поглед на неговата структура, видови, избор на програми, методи, стратегии на учење и сл.;
- обезбедување достапност на сите до информациско-комуникациската технологија;
- поголемо искористување на ресурсите.

*б) Овозможување достапност* до сите видови на средно и постсредно образование и обука, во согласност со принципот за доживотно учење, поттикнување на вработувањето и градењето на кариера, како и активното учество на граѓаните, еднаквите можности и социјалната кохезија, преку:

- создавање отворена средина за учење;
- овозможување услови учењето да стане поатрактивно;
- поголеми учества на учениците, родителите, локалната средина и другите заинтересирани субјекти во управувањето со училиштето;
- овозможување достапност до средното образование и обука на ранливите групи;
- овозможување услови за стекнување на формални квалификации.

*в) Отворање на системот на средното стручно образование и обука* за поширокиот свет, во согласност со фундаменталната потреба да се сфати значењето на работата и на општеството и со предизвиците коишто се јавуаат како резултат на глобализацијата, преку:

- ширење на соработката и зајакнување на врските помеѓу училиштата и светот на трудот;
- градење на духот на претприемништвото;
- подобрување на учењето на странски јазици;
- зголемување на мобилноста на училиштата и на поединците;
- зајакнување на европската соработка.

Основа за промените во стручното образование во повеќето земји на Европа претставуваат повеќе документи (пред сé, Белата книга за образованието) чија цел е усогласување на системите на образование и обука, вработувањето и натамошниот развој во рамките на идниот развој на Европа.

## 2.5. Потреби и причини за воведување промени во стручното образование за занимања

Општествено-економскиот развој како синтетичка детерминанта на вкупниот образовен систем, со целиот свој интензитет концентрирано се јавува во последниве дваесетина години како позадина на сите потреби и причини за посеопфатни промени во стручното образование. Како главна причина за промени, од тој вкупен кластер на фактори, може да се идентификува високиот степен на расчекор помеѓу она што од стручното образование се очекува и она што се добива, од една страна, и она што на стручното образование му е потребно и она што од општеството го добива за да одговори на своите задачи,

од друга страна. Овој расчекор се манифестира во рамките на следниве групи на потреби за промени во стручното образование:

а) Содржинско и организациско структуирање на стручното образование за да ги задоволи потребите на пазарот на трудот во рамките на вкупната пазарна ориентација на стопанството и придружните дејности.

б) Паралелно со развивањето на слободното, претприемничко пазарно стопанство, во земјата се развива парламентарната демократија како општествен систем со граѓанинот како центар на тоа цивилно општество. Оттука, произлегува следната група потреби за содржинско, особено процесно трансформирање на стручното образование во остварување на неговата општествена функција да ги подготвува идните граѓани за одговорно и компетентно општествено живеење и дејствување.

в) Република Македонија е консензуално определена за интегрирање во Европската унија. Таа определба, заедно со присутниот тренд на глобализација на светската економија претпоставува не само право, туку и компетентност за конкурентност на кадрите не само во домашните фирми, туку и мобилност за вработување и надвор од границите на земјата. Јазичната, компјутерската и определени содржински компетентности се јавуваат како неодложна потреба за промени во содржината и стилот на реализација на стручното образование.

г) Пазарната ориентираност на дејноста не се однесува само на стопанските субјекти. И самите образовни установи имаат потреба од прифаќање и практикување на таа филозофија на свртување кон својот клиент - ученикот. Тоа ја нагласува ургентноста на потребата од организациски, нормативни, стилски и интерперсонални промени со кои ученикот ќе се постави во центарот на креирањето на сите решенија во стручното образование.

д) Експоненцијалниот продор на новите информатичко-комуникациски технологии во секојдневното работење на најголемиот број професии и занимања, ја артикулира потребата од ургентно инкорпорирање на тие технологии и како предмет на изучување, но многу повеќе како рационална инфраструктура за рационализација на вкупната дејност на стручното образование.

Покрај наведените, како основа за воведување промени во стручното образование за занимања може да се наведат и следниве причини:

- последните покрупни промени во стручното образование за занимања во Република Македонија се направени во 1989 година;
- постојната структура на системот на стручното образование не одговара на пазарот на трудот и на современите тенденции;
- не е дефинирана физиономијата на одделни видови средно стручно образование и односот меѓу нив;
- постојната структура на системот на стручното образование не е доволно флексибилна за да ја овозможи хоризонталната и вертикалната проодност;
- постојат голем број на струки;
- постојат голем број на тесни образовни профили кои не одговараат на техничко-технолошките промени и на промените во структурата на вработувањето;
- стручното образование за занимања не нуди квалификации за малите и средните претпријатија и квалификации во областа на услугите и занаетчиството;
- постојната структура на стручното образование не овозможува програмски функционален континуитет (поврзаност) со основното, вишото и високото образование;

- капацитетот на средните стручни училишта не се користи рационално (тие се затворени за другите корисници);
- постојната структура на средното стручно образование не е компатибилна со структурата на стручното образование во развиените европски земји;
- голем број ученици кои не го продолжуваат образованието, остануваат без квалификации итн.

## 3. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И ПРИНЦИПИ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЗАНИМАЊА

### 3.1. Глобални цели на промените на стручно образование за занимања

Глобални цели на промените што се воведуваат во стручното образование за занимања се:

*1. Демократизација на образованието* - што значи дека промените во стручното образование треба да ги креираат и спроведуваат сите оние актери кои се заинтересирани и вклучени во процеот на стручното образование. Тоа значи дека промените треба да одат од наставниците кон Министерството и од монолог кон дијалог. Демократизацијата во односите на образованието треба да ги опфати и:

- демократизацијата на достапноста на образованието;
- демократизацијата на односите ученик - наставник;
- демократизацијата на реализацијата на програмите;
- демократизацијата на односите на наставниците и родителите;
- демократизацијата на односите на училиштето и окружувањето.

*2. Децентрализација на образованието* - како едно од клучните прашања на идните промени на стручно образование. Процесот на децентрализацијата во стручното образование е многу чувствителна активност којашто ќе се остварува во повеќе фази и етапи. Главните области во коишто треба да дојде до децентрализација се:

- децентрализација на управувањето со училиштата;
- децентрализација во обликување и реализација на програмите;
- децентрализација на уписната политика.

*3. Демонополизација на образованието* - којашто е тесно поврзана со барањето за поголема демократизација на средното стручно образование што значи давање можност на сите актери и учесници во процесот на стручното образование да учествуваат во подготовката и реализацијата на промените на овој вид образование, што подразбира:

- демонополизација на промените (реформата);
- воведување конкуренција во образованието и создавање на пазар на образованието;
- демонополизација на програмските содржини и профили и нивно иновирање и модернизирање.

*4. Диверзификација на институционалните облици и модели* која значи промена на досегашната организација на средните стручни училишта и на другите образовни институции. Диверзификацијата на облиците и моделите треба да опфати повеќе аспекти на организациските структури. Потребно е да се обезбеди покомплексно и поекономично организирање на училиштата и образовните институции на ниво на републичката мрежа и на ниво на внатрешната организација. Овој процес треба да опфати:

- усовршување на мрежата на средните училишта и институциите за стручно образование;
- покомплексно и поекономично организирање на училиштата и другите образовни институции што ќе придонесе за рационална и економска оправдана внатрешна организација на стручните училишта;
- утврдување на стандарди за работа на училиштата и другите образовни институции;
- обезбедување вертикална и хоризонтална проодност внатре во потсистемот на средното образование за да можат сите ученици да имаат еднакви права во своето лично и стручно напредување во развојот;
- поврзување со облиците на неформалното образование кое треба да овозможи посуштинско поврзување на формалниот и неформалниот сектор и отворање на стручни училишта за разни облици на неформално образование;
- поврзување со разни облици на образованието и стручното усовршување во претпријатијата кое треба да го обезбеди остварувањето на принципот на диверзификацијата и демократизацијата на образованието; во тој контекст посебно значење треба да имаат центрите за образование во претпријатијата и другите институции;
- обезбедување на корисно водење и советување на младите и возрасните кое треба да има посебно значење за пазарот на трудот.

*5. Диверзификација на наставните планови и програми, содржини и наставни методи* како едно од најсложените прашања во промените на стручното образование. За да се оствари принципот на диверзификација на наставните планови и програми, неопходно е претходно да се дефинира номенклатура на занимањата на национално ниво, да се воспостават професионални стандарди, односно стандарди на занимања кои произлегуваат од номенклатурата и да се редефинира структурата на образовните профили. Диверзифицираните наставни планови и програми треба да претставуваат основа за воведување нови наставни методи, односно активни облици на наставата и различни комбинации на теоретската настава и практичната обука. Во тој процес, посебно е важно да се обезбеди:

- задоволување на соодносот помеѓу општото и стручното, теоретското и практичното образование;
- вертикална и хоризонтална проодност во рамките на една струка, односно подрачје на трудот и помеѓу повеќе сродни подрачја на трудот;
- воведување модуларен принцип на работа;
- поврзување во повисоките облици на образование и овозможување на проодност;

*6. Поврзување со социјалните партнери* е нова област во стручното образование која значи отворање на стручните училишта за потребите, можностите и за соработка со локалната заедница. На тој начин, стручното образование за занимања треба да престане да претставува систем воден од еден центар и директно да се поврзува со матичната средина чијшто е составен дел. Поврзувањето со социјалните партнери значи:

- поврзување со локалната заедница (управување, инвестициска политика, дополнителни облици на работа, финансирање, планирање);
- поврзување со локалниот пазар на трудот;
- поврзување со стопанските претпријатија и останатите институции;
- поврзување со професионалните асоцијации;
- поврзување со работодавачите и нивните асоцијации;
- поврзување со институциите и облиците на неформалното образование.

*7. Усогласеност со општествените потреби* значи нов пристап на стручното образование и на неговото усогласување со можностите на стопанството на Република Македонија и на одделните региони. За да се оствари ова барање, потребно е:

- да се подготви флексибилна, променлива и за потребите на стопанството, конципирана уписна политика;
- да се земат предвид технолошките промени во одделни образовни профили;
- да се обезбеди верификација и евалвација на знаењата на учениците и на програмските цели од аспект на професионалната ефикасност и вистинската вработливост.

*8. Професионализација на работата на наставниците и на стручните соработници* која опфаќа педагошко, психолошко и андрагошко образование како услов за влегување во професијата. Тоа е особено важно со оглед на фактот дека во стручното образование работат различни профили на стручни кадри. Професионализацијата на работата на наставниците и стручните соработници треба да опфати:

- континуирано усовршување на наставниците и стручните соработници;
- обезбедување компетентност за работа во повеќе предмети и области (интегрирани профили);
- контрола на влегувањето во професијата (издавање лиценци) и континуирана евалвација на работата и напредувањето во звањата.

*9. Активна улога на заедниците на стручните училишта* која треба да биде посебно нагласена:

- во работата со социјалните партнери;
- во промените и натамошниот развој на стручното образование;
- во креирањето на програмите, мрежата и во дефинирањето на уписната политика;
- во соработката со Центарот за стручно образование и обука;
- во дефинирањето на стандарди за наставници, училишта и институции за образование.
- Од изнесеното може да се заклучи дека основни правци на развојот на стручното образование за занимања се:
- задоволување на зголемените барање на пазарот на трудот во поглед на оспособување на работниците за стекнување со нови вештини, знаења и способности, односно стручни компетенции;
- ново поврзување на образованието и пазарот на трудот и создавање на флексибилни врски помеѓу нив;
- зголемено финансиско вложување и вклучување на различни извори на финансирање;
- натамошно усовршување на наставните планови и програми;
- обезбедување услови за стекнување систем на сертификати, дипломи и квалификации усогласени со европските стандарди;
- рационализација и усогласување на мрежата на средните стручни училишта со потребите на стопанството, пазарот на трудот и политиката на вработувањето;
- развој на систем на стандарди за институции, наставници и програми на образованието;
- обезбедување квалитет на средното стручно образование и постојано следење и евалвација на резултатите како на учениците и наставниците, така и на образовните установи;
- обезбедување подобра вертикална и хоризонтална подвижност на учениците;

- создавање услови за континуирано стручно усовршување и професионален развој на наставниците.

### 3.2. Цел и задачи на стручното образование за занимања

Основен пристап во развојот и модернизацијата на стручното образование за занимања претставува неговата социјално-економска и индивидуална релевантност. Во согласност со тоа, програмите што се реализираат во рамките на стручното образование за занимања се насочени кон образовни излези кои претставуваат јасно дефинирани знаења, умеења и способности, односно стручни компетенции што ги бара пазарот на трудот и индивидуалниот развој на ученикот.

Стручното образование за занимања треба на секој поединец во општеството да му пружи можност за полна социјална партиципација, личен избор, вработување, унапредување на квалитетот на животот и за континуиран професионален развој.

Тргнувајќи од тоа, основна **цел** на стручното образование за занимања е на младите и на возрасните да им обезбеди можност да стекнат знаења, умеења и способности, односно компетенции потребни за работа и вработување и за доживотно образование. Конкретни **задачи** на стручното образование за занимања се:

- стекнување стручни квалификации, односно релевантни компетенции неопходни за вработување и работа во определено подрачје на трудот;
- стекнување иницијално и континуирано стручно образование;
- развој на способности, таленти и потенцијали.

### 3.3. Принципи на развојот на стручното образование за занимања

Функцијата, содржината, организацијата и развојот на стручното образование за занимања се темелат врз познатите општоприфатливи принципи кои овозможуваат системот на образованието флексибилно да реагира на потребите на пазарот на трудот и на поединецот, како што се:

**Достапност.** Структурата на системот на стручното образование овозможува еднакви можности на достапност на стручното образование за сите граѓани преку редовно образование (школување), преквалификација, доквалификации и преку процесот на доживотното учење.

**Партнерство.** Системот на стручното образование овозможува вклучување на сите социјални партнери, интересни групи и поединци во планирањето, финансирањето и управувањето со стручното образование (на сите нивоа на општественото организирање).

**Програмска разновидност.** Системот на стручното образование овозможува реализација на програми од различен тип (формално, неформално и информално образование) наменети за различни целни групи (млади, возрасни, вработени, невработени и сл.). Тоа овозможува во задоволувањето на потребите да се користат различни стратегии на учење.

**Усогласеност со потребите на пазарот на трудот**. Стручното образование за занимањата овозможува стекнување квалификации кои одговараат на сегашните и на идните потреби на пазарот на трудот.

**Насоченост на образовни излези.** Организацијата и реализацијата на стручното образование за занимања се базира на образовни излези, односно на

прецизно дефинирање на она што учесниците ќе знаат и умеат да направат по завршувањето на процесот на образованието.

**Отвореност и флексибилност**. Стручното образование и обука е канал на комуникации и отворен систем на дистрибуција на знаења, умеења, компетенции и квалификации во кој што постојат реални можности за:

- влез, излез и повторно враќање во образованието, согласно со потребите на поединецот и пазарот на трудот;
- вертикална и хоризонтална проодност;
- интегрирање и поврзување со разните видови и програми на обука во претпријатијата и нивните асоцијации.

## 4. СИСТЕМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЗАНИМАЊА

### 4.1. Значење, функција и основни карактеристики на стручното образование за занимања

Стручното образование за занимања, и формално и суштински, се наоѓа во средината на глобалниот образовен систем на Република Македонија. Тоа продолжува по основното осумгодишно, односно задолжително деветгодишно образование и се темели, пред сé, врз усвојување на знаење и стекнување на компетенции од науките кои имаат апликативни вредности.

Тоа, во структурата на системот на стручното образование претставува посебен вид средно стручно образование кое се стекнува во текот на тригодишно школување.

Стручното образование за занимања има задача да обезбеди компетентни кадри за потребите на пазарот на трудот на национално, на регионално и на локално ниво. Негова **примарна функција** е подготовка на компетентни кадри за извршување на соодветен вид и сложеност на работа во стопанството, услужните дејности и занаетчиството. Тоа се остварува низ реализирањето на основната цел на овој вид образование - обезбедување услови за стекнување и усвојување на општи, стручни и практични знаења и компетенции.

На ова ниво на образовниот систем започнува **системската диферен-цијација** на патиштата за натамошно напредување како во образованието, така и во професионалниот развој. Тука се прекршуваат, усогласуваат и оптимизираат влијанијата на клучните чинители на образованието како клучна општествена функција. Индивидуалното тежнеење за што повисоко образование, а со тоа и за што повисок општествен статус и почеток, во светот на трудот се судира со индивидуалните и другите ограничувања, општествените можности, општествената поделба на трудот и барањата на развојот на науката и на технологијата.

**Клучното значење** на стручното образование за занимања произлегува од фактот што со неговата физиономија, содржина и функционирање се создаваат услови за остварување на едно од основните човекови права - правото на работа. Имено, правото на работа е поврзано со исполнување на еден битен услов - компетентност за извршување на определен вид и сложеност на работа. А токму таа компетентност, во нејзиниот најголем дел ја дава стручното образование за занимања како **завршна функција**. Исто така, стручното образование е значајно и поради фактот што во него треба да се реши на соодветен начин една од големите општествени противречности: еднаквите права на достапност на

образованието и работата на сите граѓани, од една страна, и различните предиспозиции, можности и капацитети, но и различниот период на созревање на поединците, од друга страна. Конечно, стручното образование за занимања е значајно и поради фактот што во тој период на индивидуалниот развој се случува индивидуалното созревање (адолесценција) со сите општи карактеристики на воспоставување на релациите на индивидуата и на средината, а индивидуалните специфичности на тој развој имаат далекусежни последици на иднината на секој поединец.

Од ваквото значење на стручното образование и од него изведените системски, содржински, организациски и процесни решенија произлегува неговата сложена и мошне диференцирана системска и општествена функција.

*Општествената функција* на стручното образование за занимања ги содржи следните компоненти:

- социјализирање на целокупната генерација преку пренесување на општите и националните културни вредности и подготвување за вршење на граѓанските должности во демократското општество;
- подготвување на компетентни кадри со средно стручно образование за потребите на пазарот на трудот;
- што поцелосен опфат на генерацијата што завршува основно образование.
- *Системската функција* на стручното образование за занимања се согледува во обезбедувањето на вертикална поврзаност и хоризонтална сеопфатност на сите видови средно стручно образование, односно:
- надградување на образованието на стандардот на задолжителното деветгодишно образование;
- задоволување на индивидуалните образовни потреби на сите категории младинци и возрасни преку програми за определени образовни профили;
- задоволување на образовните потреби на определени посебни субјекти на пазарот на трудот и на образованието: организација на занаетчиско образование и сл.

Со воведувањето на промените, стручното образование за занимања во структурата на системот на средното стручно образование се воспоставува (конципира) како флексибилно и транспарентно ниво на образование засновано на принципите на **доживотното учење**, кое треба да одговара на индивидуалните потреби и потребите на пазарот на трудот на национално и на локално ниво. Вака конципирано стручното образование за занимања треба да го поддржи општествено-економскиот развој на Републиката, нудејќи им на сите запишани ученици, односно на сите поединци можност да стекнат знаења и компетенции неопходни за извршување на работата, односно да се здобијат со стручна квалификација потребна на пазарот на трудот. Тоа значи дека во нашата држава се воспоставува модерно стручно образование за занимања кое ќе одговара на времето во кое живееме и на времето кое доаѓа.

За да одговори на предизвиците пред кои е исправено, стручното образование за занимања постојано ќе ги користи сите расположливи информации за трендовите на пазарот на трудот и за општествено-економските и техничко-технолошките промени. Врз основа на тие информации ќе се утврдуваат образовните излези, односно ќе се определуваат знаења, умеења, ставови и вредности, односно компетенции што треба да ги поседуваат учениците по завршувањето на соодветна образовна програма во рамките на стручното образование за занимања.

Во системската и организациската промена на стручното образование значајна новина претставува воспоставувањето и развојот на социјалното партнерство.

За да може на соодветен начин да обезбеди стекнување на занимање и стручна квалификација, односно релевантни компетенции неопходни за работа во определени подрачја на трудот и на тој начин да стане еден од факторите на општествено-економскиот, техничко-технолошкиот и индивидуалниот развој, реформираното стручно образование за занимања треба да овозможи:

- воведување на нови и натамошно усовршување и иновирање на постојните образовни програми;
- развој на системот на образовни стандарди и стандарди на занимања;
- постојано редефинирање на образовните профили кои ќе одговараат на потребите на новата економска реалност;
- постојано задоволување на рамнотежата помеѓу општото и стручното образование, теоретското и практичното образование;
- соодветни услови за стекнување дипломи, сертификати и квалификации усогласени со европските стандарди;
- подобра вертикална подвижност и хоризонтална проодност на учениците;
- постојано осовременување на организацијата и методите на наставната работа;
- подигнување на квалитетот на образованието и негово постојано следење;
- осамостојување на училиштата и нивно поврзување со локалната средина;
- поврзување со неформалниот систем на образование;
- вклучување на социјалните партнери и другите заинтересирани субјекти во планирањето и усвојувањето на политиката на образованието;
- развивање на механизми за смалување и спречување на осипувањето на учениците и сл.

Реформираното стручно образование за занимања се заснова на филозофијата на доживотно учење што подразбира:

- потполна и постојана достапност на стручното образование на сите членови на општеството;
- учење во услови и на начин кои се во согласност со реалните потреби и можности на оние коишто учат и со можностите и потребите на средината;
- ширење на можности за учење низ институционален, програмски и организациски плурализам во реализацијата на образованието и поврзувањето на формалното и неформалното образование;
- влегување, излегување и повторно враќање во системот на стручното образование согласно со потребите на поединецот или на пазарот на трудот и сл.

На тој начин се овозможува креирање на сопствено темпо и сопствен пат во развојот на компетенциите и стекнувањето на знаења и умеења, што е еден од клучните чекори кон демократизација на образованието и кон квалитетно образование.

Ваквото значење и функција на реформираното стручно образование за занимања и од нив изведените системски решенија имплицираат на тоа дека учениците:

- ќе ги задоволуваат своите образовни потреби за најголемиот број занимања од стопанството, услугите и занаетчиството во кои доминираат компетенции на психомоторни умеења придружени со теоретски основи;

- ќе бидат подготвени за вклучување во светот на трудот во соодветни претпријатија и установи кои функционираат според законитостите на пазарното стопанство;
- ќе се здобијат со диплома за соодветно ниво (II) на стручни квалификации како квалификувани работници или занаетчии - компетентност која вклучува примена на знаења и умеења потребни за изведување на различни работни активности во различен контекст;
- ќе бидат подготвени за иницијативност, креативност и за брзо реагирање на промените;
- ќе можат оптимално да ги развиваат своите способности;
- ќе бидат воспитани и подготвени како конструктивни и демократски граѓани одговорни за лично и општествено живеење;
- ќе бидат подготвени да учат низ цел живот и да се образуваат до она ниво на стручни квалификации до кое сакаат и имаат способности да стигнат.

### 4.2. Струки, односно група струки

Образовните профили се групираат во струки според заедничките стручни, стручно-научни и научни основи на работата што тие ги опфаќаат. **Струката, односно група струки** е највисока форма на групираност на образовниот процес во стручното образование. Таа е определена со постоењето на заеднички содржини за сите образовни профили од определено ниво на стручни квалификации, односно определена категорија на сложеност. Со други зборови, врз основа на утврдените заедничкостручни предмети во наставните планови за определени образовни профили, образовните профили што имаат исти заедничкостручни предмети се групираат во струки. Според овој критериум се утврдуваат заедничкостручни предмети за поголем број сродни образовни профили и на тој начин се конституираат пошироки струки, односно група струки (подрачја на трудот). На тој начин ќе се рационализира образованието, ќе се создаде основа за продолжување на повисоките нивоа на стручно образование во рамките на струката, а ќе се овозможи и полесна преквалификација во поголем број образовни профили во рамките на струката кога технолошките и организациските промени тоа го бараат.

Во зависност од карактеристиките на работата, односно од карактеристиките на сродноста на образовните барања, наместо во досегашните 27 струки, сите образовни профили во рамките на стручното образование за занимања ќе бидат распоредени во 14 струки, односно група струки (подрачја на трудот или образовни сектори):

- земјоделско-ветеринарна; шумарско-дрвопреработувачка; рударско-геолошка и металуршка; машинска; електротехничка; хемиско-технолошка; текстилно-кожарска; графичка; градежно-геодетска; сообраќајна; угостителско-туристичка; економско-правна и трговска; здравствена; лични услуги.

За потребите на ФАРЕ програмата за реформа на средното стручно образование во траење од четири години е изготвен посебен документ “Стандард на струка” кој ќе се користи и во стручното образование за занимања.

## 4.3. Стандарди на занимања

Номенклатурата на занимањата како документ претставува попис и опис на сите занимања што се јавуваат во одделни подрачја на трудот. **Занимањето** претставува збор на меѓусебно поврзани и сродни содржини, организациски и технолошки работи и задачи што ги извршува еден извршител кој што поседува соодветни знаења, умеења и способности. Бидејќи занимањето се јавува и се менува во зависност од промените што се случуваат во светот на трудот и номенклатурата на занимањата треба постојано да се менува и дополнува, а врз основа на тие промени, постојано да се врши иновирање и усовршување на стручното образование. Денешниот развој на пазарот на трудот бара професионална и територијална мобилност на кадрите и постојана промена на занимањето или на определени работи во рамките на занимањето (повеќепати во текот на работната кариера). Тоа бара ново дефинирање на занимањата и нивно окрупнување, односно отпочнување на процесот на изработка на **стандарди на занимања**.

Основна интенција на промените во стручното образование во нашата земја е неговото поврзување со пазарот на трудот и оспособување на младите и возрасните успешно да одговорат на барањата на работата, односно работното место. Воведувањето на овие промени подразбира идентификување на показатели со помошта на кои ќе може да се вреднуваат и проценуваат компетенциите стекнати во стручното образование. Тоа значи дека секое занимање мора да има јасен и јавен исказ за тоа што оние кои што го завршиле образованието за тоа занимање знаат и можат да направат (работат). Тој вид на исказ се нарекува стандард на занимање.

Според тоа, стандарди на занимања се:

- опис на работни активности што се извршуваат во рамките на определено занимање;
- опис на работни компетенции неопходни за ефикасна работна активност и соодветен учинок во занимањето.

Стандардите на занимањата ќе овозможат:

- идентификација (утврдување) на компетенциите за работа во определено занимање;
- селекција и развој на кадрите за потребите на определено занимање;
- идентификување на образовните потреби;
- програмирање на образованието (изработка на наставни програми);
- евалуација на образовните програми;
- професионално информирање и ориентација (советувања) и сл.

Стандардите на занимањата треба да содржат:

- назив и шифра на занимањето;
- компетенции;
- клучни активности;
- знаења и способности.

Стандардите на занимањата, врз основа на посебна методологија за нивната изработка, ќе ги развива Центарот за стручно образование и обука во соработка со социјалните партнери, работодавачите и другите субјекти заинтересирани за стручното образование.

### 4.4. Образовни профили

За порационално организирање на стручното образование, занимањата што се сродни според потребните компетенции (знаење, умеење, способности) се обединуваат (групираат) во образовни профили. Воопшто, образовниот профил може да се однесува за работно место, за едно занимање или за група сродни занимања. За да се обезбеди поголема рационализација на стручното образование, како и поголема подвижност на кандидатите по завршувањето на образованието, по правило, се дефинираат (утврдуваат) **широки образовни профили** кои овозможуваат подготовка за повеќе сродни занимања. Вака дефинирани, образовните профили претставуват основа за вертикално напредување во образовниот систем и хоризонтална подвижност во сферата на трудот без формални пречки во сите занимања опфатени со образовниот профил. Објективно (нормативно), **образовниот профил** претставува документ со кој се определуваат потребните компетенции (знаења, умеења и способности) кои овозможуваат (и водат кон) вработување, додека субјективно, образовниот профил ја одразува севкупноста на компетенциите што кандидатот ги стекнал во определен период од своето образование.

Образовниот профил обезбедува поврзаност на општите и стручните содржини и знаења во определено занимање. Тоа значи дека при дефинирање на нов или редефинирање на стар образовен профил треба да се тргнува од потребите на работодавачите, особено во поглед на потребните компетенции за вработување и работа во тоа занимање. Образовниот профил претставува комплетна спецификација за определена квалификација во стручното образование. Тој служи како основа за изработка на наставните планови и програми и ги содржи, особено следниве елементи:

- идентификациски податоци;
- хоризонтална мобилност и вертикална проодност и напредување;
- појдовни основи на кои се гради образовниот профил;
- опис на образовниот профил;
- цели на образованието кои можат да се остварат во образовниот профил;
- образовен процес;
- оценување и вреднување на постигнувањата на ученикот и сл.

Образовните профили во стручното образование за занимања ќе се изработуваат врз основа на стандардот за образовен профил, дефиниран за потребите на ФАРЕ програмата за реформа на стручното образование во траење од четири години.

При конституирањето на образовните профили мора секогаш да се има предвид фактот дека во една струка или група струки, по правило, за едно ниво на образовни профили, постојат заеднички општообразовни и заедничкостручни содржини за сите образовни профили. Во согласност со тоа, наставниот план и програмите мораат да се гледаат во својата сеопфатност, а не како барање за изработка на програми за секој образовен профил. Истовремено, треба да се има предвид и фактот дека занимањето се стекнува во светот на трудот, а образовниот профил, совладаниот план и програма и стекнатото стручно образование се само претпоставка за вклучување во светот на трудот (вработување). Секој образовен профил има завршност и за него се добива диплома за стекнатото стручно образование за занимање.

Според Концептот од 1989 година, дефинирани се и изработени програмски документи за околу 90 образовни профили за стручното образование во траење од три години. Во изминатите десетина години интересот на учениците за овој вид

образование постојано опаѓа. Така во моментов во нашата Република се организира образование за околу 50 образовни профили.

Усогласувањето на понудата и побарувачката на пазарот на трудот во нашата Република бара иновирање на постојните (редефинирање) и дефинирање на нови образовни профили кои ќе можат да одговараат на потребите на стопанството и на економскиот развој. Центарот за стручно образование и обука во соработка со сите релевантни социјални партнери, врз основа на посебна методологија ќе ги утврди образовните профили во одделни струки или група струки на ова ниво на стручно образование.

### 4.5. Образовни стандарди

Основна функција на **стандардите** е обезбедување еднозначна комуникација помеѓу сите субјекти во процесот на утврдувањето, реализацијата и вреднувањето на одредени компоненти на стручното образование. Воведувањето на стандарди во образованието ќе овозможи секој поединец, процес или дел од некој систем да мора да го задоволи утврденото ниво на поставените барања во поглед на знаења, умеења, способности, простор, опрема, квалификации и сл. Поконкретно, со воведувањето на стандардите ќе се обезбеди:

- усогласување на очекувањата (потребите) на работодавачите, образовните установи и државата, од една страна, и на учениците, родителите на учениците и наставните кадри, од друга страна;
- овозможување на услови за реализација на утврдените стандарди;
- проверување на исполнетоста (постигнувањата) на стандардите и преземање конкретни мерки;
- мерење на квалитетот на образованието преку дефинирани процеси и индикатори на образованието.

Образовните стандарди како општа категорија, во стручното образование ќе бидат утврдени како посебни документи или како компоненти од некои други решенија, како што е на пример, стандардот на степенот на образование на наставниот кадар, стандардот за бројот на учениците во една паралелка и сл. Стандардите може да бидат званични или дефинирани барања што ги поставуваат работодавачите и пазарот на трудот, образовни установи, синдикати и сл. Содржината на стандардите во стручното образование може да се однесува и на должината на образованието, содржината на образованието, образовниот процес, наставните методи, оценувањето, сертификацијата, условите за образование, условите на запишувањето итн.

Врз основа на стандардите на образованието, учениците треба да ги постигнат оние барања кои се однесуваат на образовниот профил и на занимањето. Стандардите треба да бидат прецизно дефинирани, обезбедувајќи разумна гаранција дека ќе можат да се остварат на територијата на целата земја. На тој начин социјалните партнери можат да очекуваат дека сите ученици со исти образовни профили, односно квалификации ќе можат да ја извршуваат работата на приближно исто ниво.

Стандардите ќе обезбедат основа и за меѓународна споредливост на стручните квалификации, а носител на нивната изработка ќе биде Центарот за стручно образование и обука во соработка со сите субјекти заинтересирани за стручното образование за занимања (Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, стручните училишта, коморите, здруженијата на работодавачите и останатите социјални партнери).

## 4.6. Стручни квалификации

Во рамките на стручното образование и обука, прашањето на дефинирањето на нивоата и видовите на квалификации и нивното усогласување со Европската рамка квалификации станува приоритетно и едно од централните прашања на глобалната образовна политика на Републиката. Воспоставувањето на системот на стручни квалификации ќе го олесни процесот на реализацијата на стручното образование, иновирањето на образовните програми и ќе овозможи подобар систем на обезбедување на квалитетот во образованието. Во исто време, системот на стручни квалификации ќе придонесе и за поголема ефикасност на образованието, полесно и побрзо вработување и поголема професионална мобилност во светот на трудот.

На тој начин, националната **стручна квалификација**, како формално признаена оспособеност, врз основа на национални стандарди на занимања, стекната по пат на образовна програма или во постапка на проверка, станува една од основните претпоставки која обезбедува стручното образование да одговори на потребите на пазарот на трудот.

Утврдувањето и дефинирањето на стручни квалификации на различни нивоа ќе овозможи:

- подобра оспособеност и професионална подготовка за вработување;
- поголема мобилност во областа на стручното образование и во сферата на трудот;
- нови образовни патишта за учениците и возрасните;
- остварување одржлив развој на општеството.

**Националната рамка на стручни квалификации** како систем треба да ги опфати сите квалификации кои се стекнуваат во формалното и неформалното образование. Таа како документ ќе ги содржи и сите нивоа на квалификации (во средното и високото образование) и дефинираните образовни излези во форма на компетенции на секое ниво.

Клучни партнери во дефинирањето и развојот на националната рамка на стручни квалификации се Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Стопанската комора, Државната агенција за вработување и Центарот за стручно образование и обука.Тие како партнери треба да ги усогласат глобалните принципи, цели, задачи, нивоа и содржина на стручните квалификации.

## 4.7. Образовни излези и компетенции во стручното образование

Една од новите системски карактеристики на стручното образование за занимања, односно на програмите што во него се реализираат, е насоченоста на образовни излези (резултати, постигнувања, остварени ефекти). **Образовните излези** се јасно утврдени и дефинирани компетенции (знаења, умеења, вештини, способности, ставови, вредности) кои се постигнуваат и развиваат по завршувањето на определена образовна програма. Тие, како такви, и како резултати кои можат да се остварат по пат на образование, претставуваат основа за планирање, програмирање, организирање и реализирање на стручното образование, како и за евалуација на постигнувања на вкупниот образовен процес. Врз основа на образовните излези и учениците и наставниците ќе имаат јасна слика за тоа што можат да очекуваат по завршувањето на определена образовна програма. На тој начин во образованието насочено на образовни

излези, излезите (резултатите) се дефинираат пред почетокот на процесот на образованието и тие им се познати и на наставниците и на учениците. Тоа значи дека излезите го детерминираат и дефинираат образовниот процес, а образовните установи во кои се реализираат програми засновани на образовни излези треба:

- релевантните образовни излези да им ги стават на располагање на сите заинтересирани субјекти;
- да го организираат образованието така за да можат учениците успешно да ги постигнат образовните резултати;
- да го следат остварувањето на излезите (постигнувања) во предметите или модулите.

Со оглед на тоа што со помош на образовните излези ќе биде определено што треба ученикот да знае и умее да направи по завршувањето на образованието, наставниците ќе имаат можност сами да ја креираат и планираат својата работа, да применуваат широк спектар на наставни методи, да го следат напредувањето на учениците и на вкупниот наставен процес, а како реализатори да го преземаат својот дел од одговорноста за реализацијата и резултатите.

Стручното образование за занимања насочено на образовни излези ќе им овозможи на учениците поквалитетно образование и стекнување на компетенции (клучни и стручни) потребни за извршување на конкретна работа, полесно вработување и вклучување во општествениот живот. Со оглед на тоа што денес на пазарот на трудот се бараат кадри кои имаат широк дијапазон на умеење, способност за самостојна работа, кои можат да се адаптираат на промените во технологијата, да комуницираат, да решаваат проблеми, да работат тимски итн., стручното образование, покрај стекнување работни компетенции ќе им пружи на учениците и општа основа за нивното натамошно образование (доживотно образование) и напредување.

За да може стручното образование за занимања да одговори на сите барања пред кои е исправено, во рамките на соодветните стандарди за занимања и за образование ќе бидат дефинирани знаењата, умеењата, клучните и стручните компетенции кои ги опфаќаат:

- интелектуалните и психомоторните способности;
- техничките знаења и умеења;
- деловните и претприемничките знаења и умеења (претприемнички способности, креативност, иновативност, самовработување);
- општествените и интерперсонални знаења и умеења (комуникации, тимска работа, преземање одговорност, процес на донесување одлуки и сл.).

### 4.8. Целно ориентирани наставни програми

Во рамките на промените што се воведуваат во стручното образование за занимања, сите процеси и активности на образованието и учењето се насочени кон постигнувањето на целите и постигнувањата на образованието. Структурна рамка за организација и реализација на образованието и за остварувањето на целите и резултатите на учењето претставуваат наставните програми.

**Наставните програми** се дидактички документи врз основа на кои се организира образовниот процес за постигнување одредено ниво на стручна оспособеност од одреден наставен предмет. Тие се конкретни училишни работни документи со кои се планираат активностите за секој наставен предмет, односно тие претставуваат конкретизација на наставниот план.

Новите принципи, цели, задачи и образовни излези дефинирани во овој документ, во согласност со развојните и образовните потреби, општествено-економските потреби и интересот и потребите на учениците, го трасираат правецот на промените и во наставните програми. Клучна промена во наставните програми е поместувањето на тежиштето на образовниот процес од содржини на **цели на образованието**. Дефинирањето на целите во наставните програми овозможува мерење, кое што е, покрај останатите позитивни ефекти во наставниот процес, особено важно за системското следење и вреднување на реалната оствареност на предвидените резултати на образованието. Со ориентирањето на наставните програми на цели во смисла на способности, умеења, ставови и вредности (компетенции), а не само на содржини и на усвоени знаења на учениците, се надминува типичната фрагментарност и репродуктивност во образованието. Оваа промена отвора простор за автономија на училиштето и на наставниците во креирањето на наставните програми. На тој начин се создава можност наставникот сам да избира соодветни содржини и методи на работа во согласност со целокупниот контекст во кој се одвива образовниот процес, што претставува можност да дојдат до израз стручноста и креативноста.

Со новите наставни програми се денифираат: називот и статусот на наставниот предмет; бараното влезно ниво за ученикот; целите на наставниот предмет; активностите во наставата; наставните методи и техники на учење; наставните средства и помагала; оценувањето на постигнувањата на учениците; организацијата и реализацијата на наставата.

**Основни начела** за обликување на наставните програми се:

- отвореност на програмите за постојано усовршување од аспект на новите научни, технолошки и стручни знаења;
- почитување на промените на пазарот на трудот кои во образовна смисла значат зајакнување на непосредната поврзаност на образованието и професионалната димензија во оспособувањето за работа;
- почитување на можностите, способностите и интересите на учениците, како и современите тенденции и стратегии за наставата и учењето;
- флексибилност на програмската структура што овозможува поголема индивидуализација (прилагодување на можностите и интересите на учениците) и вертикална и хоризонтална поврзаност.

Програмирањето на целите на наставните предмети во стручното образование за занимања ќе се врши врз основа на стандардот на наставна програма за предмет кој е изготвен за потребите на ФАРЕ програмата за реформа на средното стручно образование во траење од четири години.

### 4.9. Модуларизација во стручното образование за занимања

Стручното образование за занимања, особено образованието за занаети може да се реализира и врз основа на **модули** бидејќи модуларноста како програмски систем задоволува најголем број од современите програмски принципи: функционалност, флексибилност, рационалност и сл., а истовремено задоволува и голем број од реформските принципи на стручното образование: целна ориентираност, достапност, отвореност, проодност и сл.

**Модул** е збир на функционално поврзани знаења, умеења и способности, односно работни компетенции неопходни за извршување на определени работи или задачи. Стручните квалификации претставуваат референтна рамка за

модуларизацијата, додека описот на занимањата е основа за креирање на модулите.

Модулите се специфични, интегрални пакети на учење кои овозможуваат постигнување на професионална компетентност. Тие можат да бидат релативно независни самостојни единици на учење и како такви можат да се организираат и стекнуваат самостојно или во рамките на поширoки програмски, односно организациски целини. Се проектираат (дизајнираат) врз основа на сродни и комплементарни принципи, а со својата структура обезбедуваат стекнување на разновидни знаења и компетенции, развој на сет на умеења и меѓудисциплинарно и меѓупредметно поврзување на различни содржини.

Модулите можат да опфаќаат повеќе различни дисциплини, со тоа што секоја дисциплина мора да има јасно дефинирани цели и задачи. Со оглед на својата флексибилна структура, границите помеѓу дисциплините не се остро определени туку овозможуваат и преплетеност, корелативност и создавање единствен модуларен образовен пакет.

**Модуларизацијата** во стручното образование за занимања, во прв ред, овозможува:

- поголема флексибилност во планирањето и програмирањето на образованието;
- поголема ефикасност и рационалност на образовниот процес;
- подобра прилагоденост на потребите на пазарот на трудот и на конкретните работи и работни средини;
- подобра вертикална и хоризонтална проодност во образованието;
- соодветен начин за премостување на разликите помеѓу квалификациите стекнати во формалното образование и квалификациите стекнати во неформалното образование;
- поголема прилагоденост на индивидуалните потреби и можностите на учење;
- избор на сопствено темпо и пат на учење и стекнување на квалификација и работни компетенции;
- континуирано образование и можност за дисконтинуирано стекнување на квалификација и на работна оспособеност;
- полесно повторно враќање во стручното образование поради стекнување на нови квалификации.

Во стручното образование за занимања, при воведувањето на модули, треба да се води сметка, за тоа дека:

- модул не може да биде занимање ниту учебна година;
- модулот не може да биде само теоретски или само практичен;
- модулите се надградуваат едни на други;
- модулите бараат тимски начин на изведување на настава.

Врз основа на потребите на пазарот на трудот и на искажаните образовни потреби, во стручното образование може да се развиваат два концепта на модуларизација:

- сеопфатна модуларизација која води кон интегрални квалификации;
- фрагментарна модуларизација која води кон парцијални квалификации и оспособеност за одделни работи и работни функции.

Центарот за стручно образование и обука во соработка со надворешните соработници, ќе развие посебна методологија за изработка на модули во стручното образование.

# 5. ПРОГРАМСКА СТРУКТУРА НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЗАНИМАЊА

## 5.1. Општа програмска структура

Во стручното образование за занимања, паралелно и во меѓусебна поврзаност, се остваруваат општото и стручното образование во функција на задоволувањето на целите и задачите на стручното образование и на оформувањето на образовните профили. На тој начин, функционалниот однос помеѓу општото и стручното образование се трансформира во еден од основните принципи на програмирањето и реализирањето на општото и стручното образование.

Во програмирањето на ова ниво на образование се тргнува од потребите на пазарот на трудот како синтетичко согледување на работодавачите во определена сфера на трудот. Со тоа се обезбедува, покрај соодветно проценетиот обем на општото и стручно теоретско образование, централно место во програмите за дефинираните образовни профили да заземаат клучните компетенции.

Така, **програмската структура** на стручното образование за занимање содржи три подрачја:

а) општо образование како стандард за сите струки кое се програмира и усвојува на државно ниво;

б) стручно-теоретско образование кое за секој образовен профил во одделна струка или група струки се програмира и усвојува на државно ниво;

в) практична обука за клучните компетенции и неопходна функционална стручна теорија кои се дефинираат на државно ниво, а се конкретизираат, прошируваат и продлабочуваат на институционално ниво според барањата и потребите на работодавачите и на локалните заедници.

Вкупниот број часови може да изнесува најмногу до 33 часа неделно, во траење од 45 минути за еден теоретски час и 60 минути за еден час по практична настава.

Ваквата физиономија на програмската структура на стручното образование за занимања ќе обезбеди постигнување на компетентност за успешно вршење на работите, доволна ширина за вработување на потенцијалните работни места, релативно брзо работно воведување и соодветна флексибилност за промена на работните места и занимањата опфатени со образовниот профил.

**Основна функција** на општото образование е развивање на општата култура, особено на вредностите на граѓанското општество, интерперсоналното и групно комуницирање, користењето на современите медиуми на комуницирање, општа подготовка за вклучување на работа и подготовка за доживотно образование. Претходното образование на учениците, нивните психофизички способности, како и вкупното расположливо време за здобивање со стручно образование за занимања, го определуваат видот и обемот на општото образование. Врз основа на овие критериуми е определен минимум на потребното општо образование, односно основна застапеност на општообразовните предмети со кои се остварува минимум општообразовен стандард на ова ниво на образование.

Така, **општото образование** во стручното образование за занимања го сочинуваат наставните предмети: мајчин јазик и литература, странски јазик[7],

[7] Од учебната 2014/15 година, во рамките на странскиот јазик, ќе се изучува само англсикиот јазик

историја, информатика, математика, природни науки[8], уметности[9] и спорт и спортски активности. Тие се заеднички и задолжителни за сите ученици.

Наставните предмети од природните науки и од уметностите, на државно ниво, заеднички ги определуваат Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука.

**Функција на стручнотеоретското образование** е учениците да ги научат законитостите врз кои се темели извршувањето на работите или функционирањето на средствата за работа кои се користат во таа дејност. Со тоа се создава основа за разбирање на работните постапки во практичната обука, одговорно однесување во извршувањето на професионалните активности и примена на соодветни мерки за заштита.

**Стручнотеоретското образование** опфаќа стручнотеоретски наставни предмети фундаментални за струката и стручнотеоретски наставни предмети, специфични за секој образовен профил посебно. Наставните предмети, фундаментални за струката се утврдуваат, во најголем број случаи, како заеднички за сите образовни профили од една струка. Тие претставуваат широка стручнотеоретска основа за законитостите што владеат во процесот на трудот и овозможуваат свесно и рационално усвојување на работните постапки. Застапеноста на овие наставни предмети е најголема на почетокот на образованието. Во рамките на ова образование обврзно се програмираат содржини од наставниот предмет Бизис на ниво на струка или сродни струки, а застапеноста на другите фундаментални наставни предмети зависи од развиеноста на струката, односно бројот на образовни профили. Покрај функцијата на научно-техничка заснованост, овие нставни предмети претставуваат основа и за непречено и рационално напредување во стручното образование во рамките на иста струка или група струки, овозможуваат брза и ефикасна преквалификација во кое и да било занимање од струката, а го рационализираат и преминувањето во сродни струки.

Специфичните стручнотеоретски наставни предмети го определуваат профилот на идните кадри. Тие се карактеристични за секој образовен профил посебно, а се однесуваат на познавањето на стекнување на работни компетенции, односно познавање на технологија на работењето, на предметот на работата, работните правила, постапки и законитости за конкретно изведување на работата. Овие предмети се определуваат посебно за секој образовен профил и се основа за стекнување компетенции за успешен почеток на работењето во соодветна сфера на трудот каде што се врши нивното натамошно квалитативно и квантитативно конкретизирање. Содржините во овие наставни предмети може да се програмираат и во модули, особено кога станува збор за образование за занаети.

Во стручното образование за занимања, пред сé, од организациски причини, не може да се обезбеди задоволување на дидактичкото барање - вкупната теорија да и претходи на практиката. Од тие причини стручнотеоретското образование се распоредува во текот на целото школување, а теоријата и практиката се реализираат симултано (паралелно).

**Практичната обука** се однесува на практичните активности за стекнување компетенции потребни за извршување на конкретна работа. Таа на ученикот треба да му овозможи стекнување на психомоторни способности и негово

---

[8] Во рамките на природните науки, за секој образовен профил посебно, се определува еден од наставните предмети : физика, хемија, биологија или географија

[9] Во зависност од струката и образовниот профил, во рамките на уметностите, се изучува само ликовна уметност или само музичка уметност, или пак комбиниран о се узучува и ликовна и музичка уметност

постапно вклучување во процесот на трудот. Практичната обука се прогрмира и организира според карактерот на дејноста на образовниот профил, а ја сочинуваат практичната настава и феријалната практика.

**Практичната настава** претставува организирана училишна форма на практична обука во која се реализираат дефинирани дидактички работни вежби во кои се сретнуваат утврдените репрезентативни работи и задачи во образовниот профил. Дидактичките вежби од економски и педагошко-психолошки причини (мотивирање) треба да имаат и определена употребна вредност.

Практичната настава обврзно се реализира како:

- практична настава во училишни објекти (работилници, лаборатории, економии, училишни компании и сл.);
- практична настава во реални работни процеси, односно во соодветни претпријатија.

Најмалку 1/3 од вкупниот фонд на часови за практичната настава во трите години треба обврзно да бидат реализирани во реални работни процеси во соодветни претпријатија. Доколку не се создадени услови за реализација на практична настава во соодветни претпријатија, овој дел од практичната настава може да се реализира во училиштето кое е должно да создаде соодветни работни услови за тоа. За организацијата и реализацијата на практичната настава, Центарот за стручно образование и обука ќе изготви посебно упатство.

Практичната настава се реализира по единствена програма како посебна дисциплина (предмет) или пак како посебни практични вежби врзани за одделни стручнотеоретски предмети.

**Феријалната практика** по својата функција и содржина е мошне слична со професионалната практика, со тоа што таа се организира по завршувањето на наставната година и, по правило, во континуирано траење и во соодветни претпријатија. Феријалната практика може да се организира и во училишни објекти доколку е организиран соодветен производствен или друг услужно-работен процес.

**Општиот модел на програмската структура** на стручното образование за занимања составен од општо образование, стручнотеоретско образование и од практична обука ги има следниве соодноси:

- до 40 % општо образование (општообразовен стандард);
- до 20 % стручнотеоретско образование;
- до 40 % практична обука.

## 5.2. Структура на наставните планови

Во рамките на стручното образование за занимања се утврдуваат следниве **видови наставни планови**:

- рамковен наставен план за стручното образование за занимања;
- наставни планови за одделни струки, односно група струки;
- наставни планови за образовни профили.

**Рамковниот наставен план** содржи програмски подрачја, наставни предмети, неделен и годишен фонд на часови по предмети и години на школување, фонд на часови по одделни програмски подрачја, вкупен фонд на часови и процентуална застапеност на програмските подрачја во наставниот план.

Со рамковниот наставен план, кој претставува основа за утврдување на наведените структурни елементи, се дефинирани само наставните предмети кои што го сочинуваат минимумот општообразовен стандард за стручното

образование за занимања. Оваа глобална рамка ќе биде дополнета на ниво на струка **(наставен план за одделна струка, односно група струки)** со дефинирање на општообразовните предмети од областа на природните науки и уметностите и  со специфични наставни предмети и практична обука, на ниво на образовен профил **(наставен план за образовен профил)**.

**РАМКОВЕН НАСТАВЕН ПЛАН**
**ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЗАНИМАЊА**

| Ред.број | Програмски подрачја и наставни предмети | Година и фонд на часови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | | II | | III | | Заст. во % |
| | | нед. | год. | нед. | год. | нед. | год. | I - III |
| 1. | **ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | | **40%** |
| 1.1. | Македонски јазик и литература, а за у£ениците од другите заедници: албански јазик и литература, турски јазик и литература или српски јазик и литература | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 99 | |
| (1.1.) | Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници | (2) | (72) | (2) | (72) | (2) | (66) | |
| 1.2. | Странски јазик[1] | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 66 | |
| 1.3. | Историја | 2 | 72 | - | - | - | - | |
| 1.4. | Информатика | 2 | 72 | 2 | 72 | - | - | |
| 1.5. | Математика | 3 | 108 | 2 | 72 | 2 | 66 | |
| 1.6. | Природни науки[2] | - | - | 2 | 72 | 2 | 66 | |
| 1.7. | Уметности[3] | 2 | 72 | - | - | - | - | |
| 1.8. | Спорт и спортски активности | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 66 | |
| | *Вкупно часови за општо образование* | **16 (18)** | **576 (648)** | **13 (15)** | **468 (540)** | **11 (13)** | **363 (429)** | |
| 2. | **СТРУЧНОТЕОРЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | | **20%** |
| 2.1. | | | | | | | | |
| 2.2. | | | | | | | | |
| 2.3. | | | | | | | | |
| 2.4. | | | | | | | | |
| 2.5. | | | | | | | | |
| 2.6. | | | | | | | | |
| 2.7. | | | | | | | | |
| 2.8. | | | | | | | | |
| 2.9. | | | | | | | | |
| | *Вкупно часови за стручно-теоретско образование* | **до 7** | **до 252** | **до 6** | **до 216** | **до 8** | **до 264** | |
| 3. | **ПРАКТИЧНА ОБУКА** | | | | | | | **40%** |
| 3.1. | Практична настава | 08 | 288 | 14 | 504 | 14 | 462 | |
| 3.2. | Феријална практика | - | 20 дена | - | 20 дена | - | - | |
| | *Вкупно часови за практична обука* | **08** | **288** | **14** | **504** | **14** | **462** | |
| **Вкупно часови (1+2+3)** | | **31 (33)** | **1116 (1188)** | **33 (35)** | **1188 (1260)** | **33 (35)** | **1089 (1155)** | **3393 100%** |

[1] Од учебната 2014/15 година се изучува само англсикиот јазик
[2] Можни предмети кои ќе се изучуваат во природните науки : физика, хемија, биологија и географија
[3] Во зависност од структа и профилот се утврдува една од можностите: ликовна уметност – 2 часа, музичка уметност – 2 часа или ликовна уметност – 1 час и музичка уметност еден час во текот на една учебна година

### 5.3. Завршен испит

Стручното образование за занимања завршува со полагање завршен испит со што се стекнува диплома за средно стручно образование за занимања за определена струка, односно група струки и образовен профил.

Моделот на завршниот испит произлегува од целите и задачите на ова ниво на образование и е во тесна врска со структурата на наставните планови и програми за образовните профили од стручното образование за занимање. Испитот се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветните наставни предмети.

**Завршниот испит** опфаќа проверка на знаења и практични способности, а се состои од:

- писмена работа по мајчин јазик и литература;
- изработка на практична работа (под водство на наставник-ментор) со одбрана.

Практичниот дел од завршниот испит може да се полага во училиште или во институции надвор од училиштето доколку тие ги исполнуваат условите за полагање на практичниот дел од завршниот испит.

Испитната програма по мајчиниот јазик и литература се подготвува екстерно, а се изведува интерно, т.е. од страна на училишните предметни комисии за завршен испит. Проверувањето на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите и оценувањето по мајчиниот јазик и литература и по практичната работа се врши интерно.

Одбраната на практичната работа се врши интерно, но пред соодветна комисија составена од претставници на училиштето и на социјалните партнери (претставници на трговските друштва од соодветна дејност предложени од Стопанската комора, Занаетчиската комора, Синдикатот, Агенцијата за вработување и сл.).

Начинот на организацијата, содржината, условите и системот на вреднувањето на завршниот испит ќе бидат дефинирани со посебен правилник што ќе го изработи Центарот за стручно образование и обука, а ќе го усвои Министерството за образование и наука.

### 5.4. Организација и реализација на образованието

Со оглед на тоа што стручното образование за занимања треба да ги задоволи кадровските потреби за најголемиот број занимања од непосредното производство (стопанството), од една страна, и за занаетите и услугите, од друга страна, во поглед на организацијата и надлежностите тоа може да се дефинира во следниве **два подвида**:

- образование за занимања и
- образование за занаети.

Образованието за занимања содржински ќе се определува според потребите на индустриските и на нив сродните претпријатија и како и до сега, ќе биде под целосна надлежност на Министерството за образование и наука и Центарот за стручно образование и обука.

Образованието за занаети, во зависност од технологијата на работата и видот на дејноста, ќе се организира за оние занаетчиски профили кои што ќе се јавуваат во регистерот на занаети, а надлежност за реализацијата на практичната

обука и за проверката на стручната квалификуваност ќе има Комората на занаетчиите.

Во зависност од условите и од остварените претпоставки, стручното образование за занимања може да се реализира според **два модела:**

а) **училишна организација** на образованието каде што комплетната програма (и теоретската настава и практичната обука) се реализира во училишните објекти. Ако одделно училиште не ги исполнува условите за реализирање на целосната програма за практична обука, тогаш може дел од практичната обука да се реализира кај соодветни работодавачи. Во тој случај, училиштето и работодавачот потпишуваат спогодба (договор) за меѓусебните права и обврски и за правата и обврските на учениците. Овој модел одговара повеќе за реализација на образованието за занимања;

б) **дуален систем** на образованието каде што теоретското образование се изведува во училиштето, а практичната обука во занаетчиски дуќан (кај лице со диплома мајстор во соодветен занает) или кај друг соодветен работодавач (претпријатие). И во рамките на овој модел, дел од практичната обука (практична настава) може да се реализира и во училишните објекти. Услов за запишување во дуалниот систем е потпишување на индивидуален договор помеѓу ученикот, родителот на ученикот и работодавачот со кој ученикот добива статус на вработен. Со тој договор се утврдуваат висината на наградата (платата) и другите права и одговорности од областа на работните односи. Овој модел е особено погоден за образованието за занаети кои што бараат практичната обука да се реализира во објективни и стандардни услови заради стекнување целосна квалификација, односно занает.

Основен услов за воведување на дуалниот систем е развојот на социјалното партнерство. Овој систем може да почне да се воведува постапно и тоа таму каде што ќе бидат обезбедени материјални и кадровски услови кои се основа за создавање на наставни работни места за практична обука во претпријатијата, односно занаетчиските дуќани.

### 5.5. Влез и проодност на учениците

Во стручното образование за занимања во прва година можат да се запишат ученици со завршено основно образование (осумгодишно или задолжително деветгодишно) по пат на јавен конкурс што го објавува Министерството за образование и наука. Право на запишување во прва година имаат учениците кои не се постари од 17 години.

Стручните училишта вршат избор од пријавените кандидати врз основа на критериумите што ги утврдува конкурсот за запишување на учениците (обично тоа се: средниот успех од V-VIII одделение, средниот успех по двата предмета значајни за струката и резултатите постигнати на државни и на меѓународни натпревари).

При запишувањето во прва година учениците се определуваат и за струка, односно група струки и за образовен профил.

Своето образование во средното стручно образование за занимања можат да го продолжат и кандидатите со завршено стручно оспособување при што ќе бидат ослободени од стручнотеоретскиот и практичниот дел од сите содржини што ги изучувале на ниво на стручно оспособување.

Напредувањето на учениците во системот на стручното образование суштински е определено со програмските решенија, поконкретно со застапеноста и меѓусебната поврзаност на општото и на заедничкостручното образование. Ваквите програмски решенија овозможуваат хоризонтална проодност од еден во друг образовен профил во рамките на една струка или сродни струки, односно група струки. Учениците со завршено стручно образование за занимања своето образование можат да го продолжат во четврта година во техничкото образование (преку посебно дефиниран диференцијален испит) или да се вклучат во програми за постсредно образование (преку соодветна диференцијална програма и работно искуство од три години).

## 6. ПРЕТПОСТАВКИ ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ПРОМЕНИ

### 6.1. Наставни кадри и нивната компетентност и кооперативност

Квалитетот на образовниот процес, а со тоа и на новите решенија во тој процес, во конечна инстанца го определува наставникот како менаџер во класот, со улогите: експерт, организатор, иноватор и мотиватор на секој чекор од едукативниот процес. Оттука произлегува и неопходноста од свртување кон него, неговото оспособување и мотивирање на новата улога што му следува. Во таа негова улога веќе се нагласени некои компоненти. Менувањето на неговиот ментален модел од господар на училницата во водител на процесот на учењето во училницата, не може да се оствари само со декларативно наведување на барањата, туку со создавање услови за тие промени да се случат. Светското искуство покажува дека таквите промени можат да се случат со дизајнирање и имплементирање на посебна стратегија на воведување промени во образованието, која за оваа компонента прêтпоставува:

- неспоредно вклучување на наставниците во креирањето на сите програмски промени и во дизајнирањето и развивањето на новите стратегии на учење;
- иницијална обука и систематско усовршување на наставниците за сите содржински и процесни промени во стручното образование;
- развивање систем на промовирање и стимулирање на наставниците.

Усовршувањето на наставниците е тесно поврзано со карактерот и функциите на современото стручно образование. Притоа, во осмислувањето на содржината и начинот на организацијата на стручното усовршување на наставниците треба да се има предвид определбата дека е неопходно да се стави акцент на изменетата улога на наставникот во наставниот процес во стручното образование која поставува повисоки барања пред наставниците во реализацијата на наставата. Наставникот не е ставен само во улога на толкувач на знаењата и пренесувач на содржините, туку тој мора да осмислува и организира активности во наставниот процес со кои се создаваат услови учениците да ги развиваат своите вештини и способности за критичко размислување.

Во реформираното стручно образование за занимање наставниците треба да ги научат учениците како да учат, како да знаат да го применуваат наученото и да применуваат такви образовни методи кои перманентно ќе го унапредуваат процесот на учењето. Наставниците мора да развиваат креативен и критички

начин на размислување кај учениците и да ја стимулираат самоодговорноста во нивниот сопствен начин на учење.

Новите наставни програми бараат наставните методи да бидат насочени кон процесот на учење на учениците. Во образовниот процес треба да се случи континуиран трансфер од наставничкото централизирано предавање кон настава ориентирана на учениците. Треба да се воведат нови наставни методи со цел да се реализира компетентноста базирана на учењето со потенцијална примена на ученичкото однесување во когнитивниот, психомоторниот и афективниот домен. Ова имплицира воведување на образовни проекти, компјутерски симулации, учење преку сопствено откривање, групна работа и стажирање во фирмите. Автоматски, овие методи ќе придонесат за развивање на вештините за учење и формирање на свесност и способност за учење низ целиот живот (доживотно образование).

Во рамките на сите струки во реформираното стручно образование треба да се интегрира и примени ефикасна и современа информациска технологија со чија помош наставниците во процесот на работата треба постојано да ги осовременуваат содржините, користејќи современи методи и форми.

Ова ја наметнува потребата од постојано стручно усовршување на наставниците кое ќе им овозможи не само успешно да ги применуваат новите програми, туку и активно и креативно да учествуваат во натамошниот развој на стручното образование и во сопствениот професионален развој. Воспоставувањето на таков систем на стручно усовршување на наставниците ќе доведе до саканата професионализација на наставните кадри и ќе овозможи постојано усогласување со глобалните и технолошките промени во светот на трудот. Таквиот систем, кој што треба да го дефинира Центарот за стручно образование и обука, треба да се заснова на:

- развојот и усовршувањето на ниво на училиштето;
- користење на современи методи во наставата и учењето;
- примената на нови информациски технологии;
- развојот на професионалната соработка и партнерството.

## 6.2. Наставни средства, опрема и инфраструктура на училиштата

Предложените програмски промени и промените во содржината и организацијата на образовната работа во стручното образование, бараат посериозно внимание да му се посвети и на обезбедувањето на училиштата со наставни средства и друг вид помагала, работилници, лаборатории, кабинети, специјализирани училници и опрема за нив.

Меѓутоа, не треба да се сфати дека ова барање во целост произлегува само од промените и усовршувањата што се предлагаат. Потребата од опремување на училиштата е истакнувана и порано, па во таа смисла се правени и планови и се издвојувани наменски средства од страна на Министерството за образование и наука. Активностите во таа насока треба, не само да продолжат, туку и да интензивираат и подоследно, отколку досега да се остваруваат. Притоа, треба да се имаат предвид два момента: опремувањето да се одвива организирано и според утврдени приоритети, а обезбедувањето на работилници, кабинети, лаборатории и специјализирани училници да се синхронизира со програмските барања.

За да можат да организираат образовен процес со добро врамнотежено внимание за развој на когнитивното, психомоторичкото и афективното однесување на учениците, стручните училишта треба да се опремат, особено, со:

- училници кои ќе имаат флексибилен мебел и опрема за примена на повеќе видови на образовни методи, како што се предавања, дискусии во класот, игра на улоги, работа во групи, самостојно учење итн.;
- лаборатории каде ќе можат да се применуваат индустриски стандардизирани методи кои ќе овозможат критички опсервации и учење низ истражување;
- работилници каде практичното знаење ќе се вежба и каде што ќе се применуваат нови методи;
- мултимедијален центар за информирање кој нема да функционира само како библиотека, туку и како средина за учење: центар кој ќе биде отворен за учениците за време на нивното слободно време;
- спортски центар кој ќе ги конкретизира претходно споменатите добро врамнотежени развивања на нашата идна работна сила;
- ефикасни средства и опрема за наставниците, менаџерите и останатиот кадар на училиштето со помош на кои ќе се реализираат поставените задачи за промени во стручното образование и обука;
- училишен центар за кариерно водење и советување на учениците.

Во средините во кои овие услови не ќе бидат создадени според педагошките стандарди, решенијата треба да се бараат во понепосредно поврзување со локалната средина.

Соработката на училиштата со социјалните парнери треба да опфати неколку аспекти:

- воспоставување на формални договори за соработка помеѓу училиштата и работодавачите и претпријатијата, со кои ќе се регулираат заедничките прашања, особено за реализирање на практичната обука и користењето на современата опрема на претпријатијата за потребите на образовниот процес;
- организација и реализација на заеднички проекти и активности на стручните училишта и претпријатијата, односно работодавачите;
- формирање на помал број добро опремени (регионални) училишни центри во рамките на постојните стручни училишта, чии ресурси ќе ги користат учениците од различни училишта и од различни места во Републиката;
- одржување и проширување на училишните компании;
- модернизирање и враќање во функција на училишните работилници како базични ресурси во училиштата за реализација на практичната обука.

### 6.3. Мрежа на стручните училишта

Еден од условите за економскиот развој на Република Македонија е постоењето на образовни установи за стручно образование, во кои ќе се школуваат кадри со различно ниво на образование и способност за работа. Тоа е можно доколку мрежата на овие образовни установи е усогласена со структурата на стопанството на ниво на општина и на меѓуопштинско ниво.

Мрежата на институциите за стручно образование, пред сé, на јавните средни училишта треба да се развива како процес на оптимизирање на интересите на работодавачите (за стручното образование) за квалитет и за рационалност на образованието и на интересите на учениците, родителите и

локалната заедница за економичност на школувањето преку поголема достапност до местото на живеење на учениците. При превладување на првиот критериум, треба да се формираат добро опремени училишни центри за стручно образование со оптимална големина, а во услови на неразвиеност и на слаба економска моќ на родителите и на локалните заедници треба да се формираат хетерогени центри за различни струки, вклучувајќи ги и гимназиските паралелки.

Имајќи го предвид долгорочниот интерес за квалитет и новите надлежности на општините, треба:

- да се направи анализа на потребите на пазарот на трудот на ниво на општината и на меѓуопштинско ниво;
- да се афирмираат процесите на соработка на повеќе општини за развивање на добро опремени хомогени образовни центри;
- стручните училишта да се поврзуваат со различни облици и институции на неформално образование;
- да се отворат струки и образовни програми во установите за средно образование според потребите на пазарот на трудот на ниво на општината и на меѓуопштинско ниво;
- да се анализираат постојните наставни планови и наставни програми и да се направат нивни промени според потребите на пазарот на трудот;
- континуирано да се усовршуваат директорите, наставниците и стручните соработници според потребите;
- да се иновира опремата и наставниот материјал во установите за средно и за постсредно образование според потребите;
- постојано да се усогласува мрежата на стручните училишта со потребите на стопанството, пазарот на трудот и вработувањето;
- да се обезбеди подобра вертикална и хоризонтална проодност на учениците и нивна натамошна подвижност.

Тоа значи, дека за потребите од воспоставување на соодветна мрежа на стручни училишта треба да се дефинираат национални и локални критериуми кои ќе го почитуваат економскиот и стопанскиот развој на државата и на општината, како и географските, демографските и културните специфичности на локалните заедници. Овие критериуми треба да бидат праведни, јасни, видливи, сеопфатни и финансиски издржани. Тие треба да ги респектираат постојната состојба и можностите, од една страна, но и барањата за натамошниот развој на стручното образование и обука, од друга страна. Следењето на успехот и постигнатиот квалитет треба да биде основа за постојаното проценување на статусот на училиштата.

Врз основа на новата структура на мрежата на стручните училишта треба да биде дефинирана и флексибилна и променлива политика на запишувањето на учениците на национално ниво. Во таа смисла, потребно е да се земат предвид и барањата поврзани со:

- отворање на училиштата за образование на возрасните;
- отворање на училишта за реализација на различни програми кои се во согласност со потребите на локалната средина и можностите на училиштето;
- воспоставување на флексибилна врска на училиштата со пазарот на трудот и сл.

Во согласност со наведените тенденции за промени во мрежата на средните стручни училишта, неопходни се и определени мерки кои ќе ги стимулираат работодавачите да вложуваат средства во збогатувањето (подигнувањето) на стручните компетенции на вработените за да можат што

поуспешно да се вклучуваат во промените и технолошкото усовршување на стопанството. Од друга страна, бироата за вработување треба да ги искажуваат потребите за развој на одделни квалификации, што ќе создаде системски и институционални услови за што подобра соработка помеѓу претпријатијата и образовните установи.

Сигурно дека во овие рамки не се очекува стручното образование за занимања да го реши проблемот на невработеноста, но она што може да го направи е на пазарот на трудот да понуди соодветни и компетентни кадри за најголемиот број работни функции на работодавачите и со тоа битно да ги редуцира дополнителните непотребни напори од преквалификација и доквалификација како услов за усогласување на понудата и побарувачката на пазарот на трудот.